Врз основа на член 22, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ" бр.202/24), како и член 71 став 1 точка 10 од Статутот на Општина Демир Хисар ("Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр. 03/02, 04/05, 07/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), Градоначалникот на Општина Демир Хисар до Советот на Општина Демир Хисар доставува

**И З В Е Ш Т А Ј**

**за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар во областа на здравствената заштита за 2025 година**

Согласно Програмата за активностите на Општина Демир Хисар во областа на здравствената заштита за 2025 година (во понатамошниот текст-Програма), беа планирани активности насочени кон унапредување на соработката на Советот на Општина Демир Хисар со јавните здравствени организации, спроведување на превентивни активности за заштита на здравјето на граѓаните и спроведување на активности за здравствено воспитување, особено на младата популација.

За таа намена со Програмата беа предвидени средства во висина од 30.000,00 денари. Активностите во областа на здравствената заштита утврдени со Програмата беа предвидени да се финансираат со средствата од Буџетот на Општина Демир Хисар за 2025 година.

Програмата за активностите на Општина Демир Хисар во областа на здравствената заштита за 2025 година не е реализирана.

Бр. 08-252/1
02.03.2026 година
Демир Хисар

Градоначалник
на Општина Демир Хисар
Никола Најдовски